Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје, за сечење и кастрење на дрва**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се извршат следниве интервенции на урбано зеленило ( останато зеленило ) што се наоѓа на **Бул. "Илинден" бр. 88 во дворот на Зоолошката градина – Скопје и тоа** пресадување ( корнење и повторно садење ) на тисите и божиковините од ,, Ботаничката градина,, сечење на стеблата тиса ( Taxus baccata ) и кастрење на трновите што се наоѓаат по деблата од гледичот .
2. Сечењето и кастрењето на дрвата да го изврши и организира барателот, додека пресадувањето ќе го изврши барателот во соработка со ЈП ,, Паркови и зеленило,, на локација претходно утврдена од ЈП ,, Паркови и зеленило,, безбедна по луѓето и животните , во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Активностите наведени во решението да се извршат стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обврзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на ист број на дрва, кои ги има исечено , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла. Се задолжува ЈП ,, Паркови и зеленило ,, да изготви записник за сите превземени дејствија околу пресадувањето и изборот на локацијата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје - Скопје, Бул. "Илинден" бр. 88 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/102** од **03.03.2025** година, за интервенција врз зеленилото, што се наоѓа на **Бул. "Илинден" бр. 88 во дворот на Зоолошката градина – Скопје.**
Барателот во прилог на барањето има приложено Експертско и стручно мислење изготвено од страна на Д-р Јане Ацевски ( вешто лице од областа на шумарските науки ). Во мислењето е наведено дека во случајот се работи за стебла тиса ( Taxus baccata ), што содржат во себе отровни елементи , што може да доведе до смртни последици по луѓето и животните. Како доказ за оваа теза, се наведува неодамнешна смрт на "берберските овци" предизвикана од пролетното кастрење на наведените дрва и каде во случајот, некој им ги фрлил гранките на овие животни за исхрана. Во мислењето е наведено дека треба да се изврши отстранување на стеблата тиса ( Taxus baccata ) од дворот на ЗОО, односно пресадување на младите садници како и на божиковините, што се наоѓат во Ботаничката градина во ЗОО, како и кастрење на големите трнови од деблата на гледичот долги 15 cm.
Согласно член 10, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 7 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) посебни зелени комплекси (ботанички градини, зоолошки градини, дендро-паркови, арборетуми, изложби на цвеќе и слично) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво.
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење и кастрење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во случајот дозволено е и пресадување на млади садници од тиси и божиковините садници во соработка со ЈП ,, Паркови зеленило,, од причина што овие садници, согласно горе наведеното мислење, се со помали димензии и би требало да се пресадат на локација, која е безбедна по луѓето и животните. Кастрењето на трновите е одобрено поради нивна големина и потенцијална опасност од повреда кај посетителите.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/102/2**
**14.03.2025** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Сектор

**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP
Примено / Pranuar: 19.03.2025
08-5/60